РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
Бр.-Nr. 03-1261/1
29. 11. 2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ЦРВЕН КРСТ
на Република Северна Македонија
Бр. 0307 – 1109/1
29. 11. 2021 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 4 став (1) и став (5) од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), на ден 29.11.2021 година, склучен е:

# ДОГОВОР

**за доделување на средства по основ на донација на Црвен крст на Република Северна Македонија за хуманитарна помош за повредените и семејствата на настраданите во сообраќајната несреќа која се случи на автопатот „Струма“ во Република Бугарија на ден 23.11.2021 година**

помеѓу договорните страни:

1. **ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА,** со седиште на ул. „Јордан Мијалков“, Палата „Емануел Чучков“, Скопје, **претставувано од главниот државен ревизор М-р Максим Ацевски** (во натамошниот текст: Давател на донацијата) од една страна,

   и

2. **ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** со седиште на ул. „Кочо Рацина, бр.13, Скопје **претставувано од Генерален секретар д-р. Саит Саити,** (во натамошниот текст: Примател на донацијата)

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 1

Предмет на овој Договор е примање на донација во вид на парични средства во износ од 100.000,00 денари, кои ќе се користат од Примателот на донацијата како хуманитарна помош за повредените и семејствата на настраданите граѓани во сообраќајната несреќа која се случи на автопатот „Струма“ во Република Бугарија на ден 23.11.2021 година.

Донацијата од став 1 од овој член ќе се реализира по добивање Решение од Министерството за правда со кое се потврдува јавниот интерес во давањето на истата.

## II. ЦЕЛ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Целта на оваа донација е поддршка на дејностите од јавен интерес во областа на социо-хуманитарните дејности од страна на Примателот на донацијата со цел давање помош со цел намалување на болката и тагата на повредените и семејствата на настраданите граѓани во автобуската несреќа во Република Бугарија односно реализирање на психолошка, материјална и финансиска поддршка.

## III. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДАВАТЕЛОТ НА ДОНАЦИЈАТА

**Член 3**

(1) Давателот на донацијата се обврзува:

- Предметот од член 1 од овој Договор да му го додели на Примателот на донацијата, односно паричните средства да ги уплати на трансакциска сметка, и тоа:

  Назив на примач : Црвен крст на Република Северна Македонија
  Банка на примач : АД Комерцијална банка
  Сметка на корисник/сметка на фонд за солидарност : 300000001327966;
  Цел на дознака: „ помош за настраданите граѓани во сообраќајната несреќа во Република Бугарија “.

- Да достави Извештај за дадена донација (образец „УЈП-ИДС/ДВ)“

## IV. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ПРИМАТЕЛОТ НА ДОНАЦИЈАТА

Член 4

Примателот на донацијата:

- се обврзува сите примени средства врз основа на овој Договор да се искористени за помош и поддршка на настраданите граѓани во сообраќајната несреќа во Република Бугарија од страна на Примателот на донацијата;

- Да го извести Давателот на донацијата најбрзо што може доколку настанат значителни отстапувања во суштината или во текот на активностите на донацијата;

Член 5

Давателот и примателот на донацијата се обврзуваат да изготват Извештај за донацијата. Извештајот ќе ги содржи следните податоци:

- име и назив на давателот и на примателот на донацијата;
- име и назив на крајниот корисник;
- опис на предметот на донацијата;
- крајна употреба на предметот на донацијата;
- други податоци.

Договорните страни се обврзуваат Договорот и Извештајот да ги достават до УЈП за користење на даночните поттикнувања, согласно Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности и тоа најдоцна 30 дена од денот на реализацијата на овој Договор.

## V. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 6

Овој Договор е составен во 4 (четири) еднакви примероци, од кои по 2 (два) примероци за секоја договорна страна.

| | |
|---|---|
| **ДАВАТЕЛ НА ДОНАЦИЈА** | **ПРИМАТЕЛ НА ДОНАЦИЈА** |
| **Државен завод за ревизија** | **Црвен крст на РСМ** |
| **Главен државен ревизор** | **Генерален секретар** |
| **М-р Максим Ацевски** | **Д-р Саит Саити** |

Изработил: м-р Александар Поповски